РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-479/3
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3263/1 од 31.12.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи во врска со издадено Одобрение за градење УП1.бр.--- од --.--.2024 година на инвеститорот ДГТП „---------„ ДОО ------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по предметот, за предметниот случај постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-3263/1 од 31.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 31.12.2024 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи во врска со издадено Одобрение за градење УП1.бр.--- од --.--.2024 година на инвеститорот ДГТП „---------„ ДОО ----- кој објект се наоѓа на КП ---- и ----/2 КО ------ и оформен е предмет број 12-3263/1 од 31.12.2024 година. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на тоа дека овој објект-зграда се гради спротивно на Одлука за уредување на правила во урбанистичкото планирање и спроведување на параметри во рамки на дефинирана градежна парцела за реализација и спроведување на убанистички планови, број 09------/-- од --.--.2023 година, објавена на Службен гласник на Општина Карпош број -- од --.--.2023 година, односно спротивно на одредбата во наведената Одлука каде е предвидено дека по донесувањето на истата, Општина ------ нема повеќе да дозволува паркирање со помош на т.н платформи, туку исклучиво со рампи.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ----- – Сектор инспекторат.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Од страна на општинскиот градежен инспектор при Општина -----, извршен бил вонреден инспекциски надзор на лице место на ул.----- бр.--, КП бр.---- и ----/2, КО ----, како и увид во градежно-техничката документација и било констатирано:
Од страна на Општина -----, на инвеститорот ДГТП „--------„ ДОО ---- со седиште на ул.„-------„ бр.---/3 -----, издадено му било Одобрение за градење Уп1бр.----- од --.--.2024 година, правосилно на ден --.--.2024 година, со кое Одобрение му се одобрува градење на градба од втора категорија од Законот за градење – домување во семејна куќа, ул.------ бр.-- на КП бр.---- и ----/2, КО -----, ГП ----, ДУП за ------ опфат помеѓу бул.---------, корито на река Вардар, бул.------- и ул.------, Скопје.
Исто така, се наведува дека составен дел на Одобрението за градење е и Основниот проект – фаза архитектура, статика, електрика, водовод и канализација и ППЗ со технички бр.--/--- од 2023 година, изработен од „--------„ ДОО ----, како и Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште изработен од --------- ДООЕЛ Скопје.
Инвеститорот уредно го пријавил почетокот на градбата со Известување за започнување на изградба на градба бр.------/1 од --.--.2024 година. Поставена била и ограда за заштита на градилиштето и информативна табла, согласно Законот за градење.
Од увидот на лице место, било констатирано дека истата е во фаза на градба со целосно изведен армиранобетонски скелетен систем, како и целосно изведен фасаден ѕид на западната страна од објектот.
Во однос на пристапот кон нивото за паркирање – подрум било констатирано дека истиот во моментот на надзорот не бил изведен, туку само делумно биле изведени земјените работи, односно делумно бил изведен ископ.
Констатирано било дека во ова фаза на изграденост, инвеститорот градбата ја гради согласно издаденото Одобрение за градење Уп1.бр.----- од --.--.2024 година правосилно на ден --.--.2024 година и заверениот Основен проект-фаза архитектура, статика, електрика, водовод и канализација и ППЗ со технички бр.--/---- од 2023 година.

Од извршениот инспекциски надзор на инвеститорот ДГТМ „--------„ ДОО ----- со седиште на ул.„------„ бр.----/3-----, не биле утврдени неправилности при градење на градба од втора категорија од Законот за градење – домување во семејна куќа, на горенаведената локација во Општина -------, Скопје.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување, од причина што за конкретниот случај постапил друг надлежен орган каде не констатирал неправилности при градење на градбата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор